ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО

ТОП ВЕСТИ:

- Отворен новиот градски пазар. Премиерот Ковачевски и министерот Николовски на првиот пазарен ден на новиот градски пазар во Делчево
- Невреме во Делчево. Прогласена природна непогода од поплави и град; Јавните државни претпријатија ќе ги санираат штетите од невремето
- Ќе се реконструира салата во Спомен-домот АСНОМ
- Дарко и Тамара Спасови зет и невеста на 17 издание на традиционалната Пијанечко-Малешевската свадба


ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 37 ЈУНИ 2023


## Отворен новиот градски пазар. Премиерот Ковачевски и министерот Николовски на првиот пазарен ден на новиот градски пазар



### Невреме во Делчево. Прогласена природна непогода од поплави и град; Јавните државни претпријатија ќе ги санираат штетите од невремето



### Ќе се реконструира салата во Спомен-домот АСНОМ



### Дарко и Тамара Спасови зет и невеста на 17 издание на традиционалната Пијанечко-Малешевската свадба




Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Совет на Општина Делчево




Советот на Општина Делчево на Вонредна седница прогласи природна непогода од поплави и град. На Вонредната седница беше донесена Одлука за формирање Комисија за проценка на штетите, како и Заклучок за објавување јавен повик преку кој ќе се информираат граѓаните за постапката за пријавување штети.

При процена и утврдување на висината на штетата, Комисијата ќе ја применува Методологија за процена на штети од природни непогоди и други несреќи. Проценетите штети, Комисијата ги евидентира на пропишани обрасци и табели согласно Методологија.

Одржувањето на Вонредната седница на Советот на Општина Делчево е иницирано од невремето проследено со силни врнежи од дожд и град и поплави на објекти и на инфраструктура коешто го зафати градот Делчево на 8 јуни во попладневните часови во периодот од 17.ч до 18,30ч.

На Седницата претставници од сите надлежни институции информираа за преземените мерки и активности во насока на заштита на имотот на граѓаните, но и мерки кои се преземаат за санирање на штетите на индивидуалните и административните објекти од поплавите и од штетите на патната инфраструктура.

Совет на Општина Делчево

Актуелности

# Премиерот Ковачевски и министерот Николовски на првиот пазарен ден на новиот градски пазар во Делчево



Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски и редовната продавачка на производи на градскиот пазар, Весна Милчевска симболично, со сечење балони, го означија почетокот на работата на новиот градски пазар во Делчево со што објектот се предава на користење на пазарџиите, за да го развиваат својот бизнис и да придонесат за развој на локалната економија.
На првиот пазарен ден на современиот градски пазар без присутни премиерот Димитар Ковачевски, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски, директорот на АФПЗРР, Никица Бачовски, пратеници во Собранието на РСМ кои заедно со градоначалникот Трајковски го посетија пазарот и разговараа и со продавачите и со купувачите за условите, но и за значењето на овој капитален економски објект за Делчево.
Владата силно и посветено работи на рамномерен регионален развој во државата, затоа што развиени општини значат силна и развиена економија, истакна премиерот Ковачевски во своето обраќање.
–Еве, ова значи за граѓаните да имаат европски ориентирана Влада, којашто единствено може да обезбеди европски квалитет на живот дома и задржување на младите во нашата родна земја. И нема да дозволиме антиевропските субјекти да ги закочат европските перспективи на граѓаните, за свои цели, а луѓето да чекаат во 21-от век да добијат елементарна услуга – Градски пазар. Нам ни е важно да го поддржуваме развојот на општините, затоа што секој граѓанин во секоја општина заслужува пристојни и подобри услови за живот, од инфраструктурен, социјален, образовен, здравствен, од секој аспект.  Честитки до градоначалникот за реализацијата на овој проект, за поддршката од надлежните институции. Продолжуваме со силно темпо да градиме Европска Северна Македонија. И тоа, на изненадување на сите, до 2030 година, ќе биде реланост, порача Ковачевски.
Изградбата на овој пазар ќе го направи Делчево, како погранично место, економски центар, не само за градот, туку и регионот, потенцираше министерот за земјоделство шумарство и водостопанство Љупчо Николовски и додаде дека МЗШВ преку Програмата за рурален развој поддржува проекти кои се насочени конкретно кон развој на општините, развој на руралните средини, проекти кои го подобруваат животот на граѓаните.
-И токму овде во Општина Делчево преку Програмата за рурален развој, покрај изградбата на градскиот пазар, за периодот од  2017 до 2022 година, сме поддржале проекти во вредност од 44,7 милиони денари. Преку мерките, 112, 113 и 115 на МЗШВ, за Далчево како земјоделска општина, сме дале поддршка на дваесет апликации за поддршка на млади земјоделци со грант од 10.000 и 20.000 евра и поддршка за активен женски член во земјоделско домаќинство со грант од 3.000 евра, рече Николовски.

# Актуелности

Делчево е релативно мала општина, таа се стреми, како во големите градови да создава услови кои ќе донесат развој на локалниот бизнис, потенцираше градоначалникот Трајковски и додаде дека современиот градски пазар гради нов имиџ на градот, воведува нови стандарди и ќе овозможи Делчево да го има приматот во пограничниот регион во меѓуграничната размена на стоки и услуги.

–Верувајте, нема поубав ден за еден градоначалник, од денот кога ќе се заврши и ќе се стави во функција еден капитален проект, како што е сега, новиот градски пазар, ветуван со децении. Ова е објект кој ќе остане да сведочи за генерации и генерации граѓани и е уште еден доказ дека, кога се работи посветено, одговорно и домаќински, нема што не може да се направи за своите граѓани. Делчево успеа и овој пат, да се издигне над проблемите и во интерес на граѓаните да го добие овој капитален објект. Градскиот пазар е реалност и за граѓаните и за пазарџиите од Делчево и регионот, па со задоволство денес им го предаваме, за да го користат, да го развиваат својот бизнис и да бидат горди што се дел од новата приказна на Делчево, истакна Трајковски.

Новиот градски пазар располага со 18 дуќани, 192 продажни пунктови, како и 4 санитарни јазли. Вкупната вредност на новиот градски пазар е 45 милиони денари. Од нив 50% се средства инвестирани од Општина Делчево, а останатите се од Владата на РСМ преку Агенција за финансиска поддршка на руралниот развој и преку Центарот за развој на Источно-планскиот регион. Со одлука на Советот, новиот градски пазар е даден на трајно користење на ЈКП „Брегалница“.





# Се гради паркинг и улица на новиот градски пазар

Актуелности



Започнаа градежните работи за изградба на паркинг и улици на локацијата на новиот градски пазар. Согласно со проектот предвиден во Развојната програма на Општина Делчево за оваа 2023 година, ќе се изградат 3.500 м2 паркинг и улица 6.1 , со цел кружно сообраќајно поврзување. Вредноста на работите е околу 5 милиони денари, а средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Делчево. Работите ги изведува ОСД КИРИЛ, а изградбата треба да заврши за еден месец.

Со овие градежни зафати, комплетно се решава инфраструктурата и сообраќајната комуникација на новиот градски пазар. Претходно, на оваа локација се изгради и новата улица 3 која го поврзува пазарот со улицата кај пешачкиот мост и детската градинка и овозможува современ сообраќаен пристап со потребните такси и автобуски стојалишта.

## Центар за корисници на ЈКП „Брегалница“ на новиот градски пазар




На новиот градски пазар, ЈКП „Брегалница“ ќе отвори центар за корисници со цел подобрена и подостапна услуга на граѓаните. Центарот ќе располага со соодветна опрема и промотивен материјал за услугите на ЈКП „Брегалница“, а граѓаните во овој центар ќе можат да плаќаат сметки, да пријавуват состојба на водомер, да поднесуваат барања за промена на водомер или барање за нов приклучок и сл.

Отворањето на центарот е дел од проектот „Подобрување на водоснабдувањето на Делчево“ поддржан од Швајцарската Влада, во мерката корпоративен развој на претпријатието.

Актуелности

# Невреме од поплави и град во Делчево



На 8 јуни во попладневните часови Делчево беше зафатено од силно невреме проследено со врнежи од град и дожд, при што за околу час и половина наврнаа 65 л на м2. Невремето предизвика големи штети на локалната инфраструктура и поплави многу подруми и станови. Во борбата со поплавите активно учествуваа единици на ТППЕ Делчево и ЈКП „Брегалница“, а на помош пристигнаа и ТППЕ од регионот и од Кавадарци.

Објавен Јавен повик за пријавување штети од невремето.
По објавениот Јавен повик до Општина Делчево се поднесени 160 пријави за штети од невремето. Граѓаните најчесто пријавуваат штети од поплавени подруми, оштетени машини и апарати за домаќинство, мебел, најразлична опрема, паднати или оштетени плафони, а пријавени се и оштетувања на десетина автомобили.
Комисијата за процена на штетите, веднаш го започна теренскиот увид на пријавените штети од невремето. При процена и утврдување на висината на штетата, Комисијата ќе ја применува Методологија за процена на штети од природни непогоди и други несреќи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.181/2021). За својата работа Комисијата изработува Извештај за процената на штетите во вид на елаборат согласно Методологија и го доставуваат до Советот на Општина Делчево на разгледување и усвојување и до Владата на Република Северна Македонија.
За време на поплавите, ТППЕ Делчево вршеше испумпување вода од дворовите и подрумските простории во населба „Пролет“, во погоните на АД Фротирка-Компани, Фондот за здравство, на ул „Маршал Тито“, крак од бул „Македонија, ул „Рударска“, ул „Никола карев““,„Кирил и Методиј“, ул „Григор Прличев“, „Крушевска„„ ул „Индустриска“ и други објекти. Исто така, се вршеше прочистување на атмосферската и канализациската мрежа и перење на улиците „Маршал Тито“, „Царевоселска“. Интервенциите се вршеа со соодветна опрема и 12 пожарникари

Актуелности

ЈКП „Брегалница“ со две градежни машини, 2 трактори, камион, комунални возила интензивно работеа на расчистување на последиците од невремето. Екипите работеа на расчистување на наносите од камења, песок и кал; оспособување на патиштата за непречено одвивање на сообраќајот во населба „Пролет“, бул. „Македонија“, ул. „Индустриска“, ул. „Царевоселска“, ул. „М. Тито “ и локален пат с. Габрово, локален пат с. Полето.
Исто така, се работеше на расчистивање од наноси , кал и камења на сите сообраќајници, се чистеа коритата од одводни канали, отстранување наноси и оспособување за непречено одвивање на сообраќајот на локален пат с. Полето, санирање на три пропусти и отстранување наноси од водотеци во с. Габрово, санирање атмосферски канал на паралелна улица со бул. „Македонија“, чистење решетки на ул. „Царевоселска“, приспособување проток на сообраќај кај месноста Студена чешма, отстранување на дефектот на главната водоводна линија во с. Град., отстранување на наносите од одводен канал во круг на АД „Фротирка“ и др. критични места. Екипи од водовод работеа на: отстранување на 2 дефекти на водоводни линии, како и на испумпување на водата од поплавени објекти во населба „Пролет“, ул. „Царевоселска“, Центар за дијализа и др. објекти.
**Се санираше критичната точка на магистралниот пат кај Црквенска Река.** Во Делчево ден по невремето екипи на „Македонија пат“ ги санираа штетите на магистралата А3 кај месноста Црквенска Река. На терен директорот на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта, Костадин Ацевски кој информираше дека веднаш по штетите кои настанаа на магистралата А3 што го поврзува Делчево со Македонска Каменица, екипи на на ЈП работат на санација на штетите на патот кои се настанати од надојдената вода. Ацевски нагласи дека поради невремето сè уште има одрони на останатиот дел од магистралата и патот кој води од Делчево кон Македонска Каменица кои благовремено се санираат.
Екипи на ЈКП „Брегалница“ поставуваа вреќи со песок на свлечиштата што се создадоа по големите поплави во Делчево во населбата Трети реон. Ова е уште една активност која се реализираше со цел да се превенира понатамошно сливање на водата врз земјата и лизгање на земјиштето. Градоначалникот Трајковски кој заедно со директорот на ЈКП „Брегалница“, Стојковски, повторно направи увид на теренот при што истакна дека стручните лица веќе прават проценки, како да се санираат свлечиштата, но механизацијата на овие три критични точки може да работи по смирување на временските услови.





# Владата ќе помогне во санација на штетите од невремето

Актуелности



Министерот за транспорт и врски, Благој Бочварски, министерката за животна средина Каја Шукова, заедно со директорот на ЈП за одржување на регионални и магистрални патишта Костадин Ацевски, деканот на Градежен факултет проф. д-р Горан Марковски, беа во посета на Општина Делчево, каде се сретнаа со градоначалникот Горан Трајковски и пратеничката Соња Михаилова и извршија увид на штетите предизвикани од силното невреме што го зафати регионот.

Градоначалникот Трајковски детално информираше околу настанатите штети и потенцираше дека потребна е силна поддршка од централната власт и поширока акција за овие штети да бидат санирани што е можно поскоро, а животот на граѓаните во Делчево иДелчевско да се врати во нормала.

Министерот Бочварски истакна дека Владата застанува комплетно во поддршка на Општината.

– Граѓаните да бидат уверени, заеднички ќе ги надминеме овие тешки моменти. Институциите се ангажирани, заедно со општината и градоначалникот Трајковски ги утврдуваме сите настанатите штети, особено во делот на инфраструктурата. Најважно е неопходната инфраструктура да ја вратиме во една нормална состојба, екипи на ЈП за одржување на магистрални и регионални патишта веќе работат на најоштетените пристапни патишта до градот и уверувам дека се што е наша моќ ќе сториме за да го вратиме нормалното живеење во општината. Владата застанува комплетно во поддршка на Општината на градоначалникот и сите штети кои се настанати ќе ги решиме и финансиски и технички, истакна Бочварски.

Минситерката за животна средина Шукова, го потенцираше значењето и улогата на граѓаните во зачувување на чистата животна средина, во совесно управување со отпадот, бидејќи природата не може да се контролира, но можеме да го контролираме нашето однесување, нагласи Шукова.

Општина Делчево испрати комплетен извештај за настанатите штети до Владата по што на наредната прва Седница на Владата беше прогласена кризна состојба во Делчево што ќе овозможи државните претпријатија да работат на санација на штетите од невремето.

Актуелности

# Јавните претпријатија ќе ги санираат последиците од невремето во Делчево и Крива Паланка



Владата одлучи јавни државни претпријатија да ги санираат штетите на улиците и патиштата во општините Делчево и Крива Паланка кои беа оштетени од поплавите од невремето што неодамна ги погоди подрачјата на двете општини, поради што беше прогласена кризна состојба.
Според владината одлука, во интерес на граѓаните за нивно санирање, заштита и реконструкција, ќе бидат ангажирани Јавното претпријатие за одржување магистрални и регионални патишта и Јавното претпријатие за јавни државни патишта. Двете јавни претпријатија имаат рок од шест месеци да доставаат извештај за извршената работа
Одлуката е донесена по известувањата доставени од општините со листа на приоритети за санација на штетите на инфраструктурата коишто се во надлежност на општината и листа на приоритети на инфраструктурни објекти коишто се во надлежност на Републиката.
Најкритичните места на кои веднаш ќе се интервенира во Делчево се:

-крак на булевар „Македонија“,
-улица булевар „Македонија“,
-мост на реката Брегалница,
-дел од улицата „Царевоселска“,
-дел од улица „Голачка“,
-дел од улица „Иво Лола Рибар“,
-дел од улица „Јане Сандански“

# Трајковски: деструктивните сили нема да го сопрат ентузијазмот и желбата Делчево да го направиме поубаво место за живеење

Актуелности



Градоначалникот Горан Трајковски на денешната прес-конференција изрази благодарност за пожртвуваноста на екипите кои неуморно работеа во заштита на имотот на граѓаните и на санација на последиците за нормализирање на животот во градот, но изрази и згрозеност од деструктивната политика на локалната опозиција и нивната злоупотреба на маката на граѓаните за ситни поени и нивното однесување го оцени со НУЛА.

-Во оваа прилика сакам да изразам благодарност до сите кои помагаа во борбата со поплавите. Посебна благодарност до ТППЕ Делчево и ЈКП „Брегалница“ за нивната пожртвуваност во справување со природната непогода, но и до територијалните противпожарни единици од општините кои први пристигнаа за да помогнат на граѓаните. Воедно, изразувам благодарност и до граѓаните кои беа голема поддршка на екипите на терен, соработуваа и помагаа во спасувањето на имотите. На маката се познаваат јунаците, сите вие сте повторно нашите херои-истакна Трајковски.

Според Трајковски оваа природна непогода, освен хуманоста, солидарност и човечноста, на видела изваде и многу манипулации, но и злоупотреби на маката на граѓаните и тоа пред сè, од страна на локалната опозиција.

Трајковски по теркот наметнат на прес-конференциите на опозицијата порача дека се одговара и за ширење лаги и клевети.

-Вашата злоупотреба на маката на граѓаните не ви носи политички поени, туку ви го покажува грдото лице и пустата желба за власт, но и вашата неспособност. Секојдневно лиферувате небулози и креирате инсинуации, ја омаловажите пожртвуваност на пожарникарите, комуналните работници, манипулирате со граѓаните и нивната мака, при што покажувате основни непознавања за функционирањето на локалната власт. Мислите дека сто пати повторената лага, ќе стане вистина? Лагата е со кратки нозе, а сликата која сакате да ја создадете е уште еден облак кој ќе го однесе ветрот, но останува чувството кај секој поединец- дека вие и во криза сте деструктивци. Единствениот интерес е желбата за власт, рече Трајковски.

Градоначалникот потсети дека паралено, во Делчево се одговара на потребите на граѓаните се решаваат децениски проблеми, а се изградија и сè уште се градат капитални проекти кои ќе останат да сведочат за генерации и генерации наши сограѓани за нашата посветена работа и нашата цел да го направиме Делчево поубаво место за живеење.

# Се рехабилитира земјоделскиот пат во Средни Бавчи






Во месноста Средни Бавчи денеска започна рехабилитацијата на земјоделскиот пат со што се решава горливиот проблем со патната инфраструктура за земјоделците кои имаат земјоделски површини или објекти во овој дел на Делчево. Со проектот се предвидува рехабилитација на земјоделскиот пат во должина од околу 800 метри со тампонирање и со променлива ширина на патот од 3,5 м до 4 м., а работите ги изведува ЕМРАХ-ИНТЕРТРАНС ДООЕЛ Зелениково. Вредноста на работите е околу 1 милион денари со ДДВ.

Рехабилитацијата на земјоделскиот пат се реализира со поддршка на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој преку Програмата за рурален развој, мерка 124- Инвестиции во инфраструктурата за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството, подмерка 124.3 – Инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште, врз основа на Програмата за финансиска поддршка за рурален развој.

Со реализацијата на овој проект се заокружува првата фаза од циклусот инвестиции во земјоделската инфраструктура со која за рехабилитација беа предвидени над 3.1 км земјоделски патишта. Деновиве заврши и рехабилитацијата на земјоделскиот пат во месноста Долни Бавчи во должина од 1.000 м кој се реализираше преку Центарот за развој на ИПР, додека минатата година беше завршена рехабилитацијата на земјоделскиот пат с. Вирче-с. Град во должина од 1.320 метри.

# Се реконструира старата училишна зграда во с. Работивиште



Новата учебна година учениците во Подрачното училиште „Св.Климент Охридски“ во с. Работивиште ќе ја започнат во реновирани училници и реновирани санитарни јазли. Деновиве започнаа градежните работи за реконструкција на училниците, санитарните јазли, како и решавање на проблемот со отпадните води и приклучок на објектот на фекалната канализација.
Увид во почетните работи денеска изврши градоначалникот Трајковски кој истакна дека во прашање е прва посериозна реконструкција на стариот училишен објект од неговото отворање.
– Инвестициите во образованието се инвестиции во иднината. Затоа, наша обврска е да создаваме современи услови за работа во сите училишта во Делчево, а со тоа и во подрачните училишта. Во таа смисла, со задоволство можам да објавам дека започнаа градежните работи за реконструкција на училишната зграда во с. Работивиште. Посебно сакам да ја нагласам оваа инвестиција. Станува збор за објект стар седумдесет години и ова е прва посериозна реконструкција од отворањето на училиштето, каде континуирано учат ученици и од македонска и од ромска националност. Оваа инвестиција е уште еден доказ за нашата посветена работа и нашите заложби да донесеме подабар квлаитет на животот на сите граѓани од нашата општина, истакна Трајковски.
Вредноста на проектот е 1 милион денари, а проектот се реализира во рамките на Програмата РОМАКТЕД фаза II за „Промовирање на добро управување и зајакнување на Ромите на локално ниво. Изведувач на работите е тетовската фирма ПАНЕЛ-М, а работите треба да завршат за два месеци.

Актуелности

Актуелности

# Ќе се реконструира салата во Спомен-домот АСНОМ



По скоро 50 години од изградбата на Спомен-домот АСНОМ, за прв пат ќе се реконструира малата сала со што се враќа сјајот на култното место на културата во градот. Проектот „Реконструкција и санација на малата сала, влезот и влезниот хол во спомен-домот АСНОМ е вреден 9,6 милиони денари. Финансиската поддршка е од Министерството за култура во рамките на Програмата за користење средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа во областите на културата за 2023 година.

Градоначалникот Трајковски изразувајќи благодарност до Министерството за култура за поддршката за овој значаен проект за Делчево ги потенцираше предвидените интервенции кои ќе донесат Делчево да има современа сала за културни настани.

– Предвидени се бројни интервенции, но јас ќе споменам дел од нив, како изградба на рампа за лица со попреченост; изградба на санитарни чворови, рехабилитација на постоечкиот под на фоајето, реконструкција на постоечкиот плафон, нова електрична инсталација и ново осветлување, замена на внатрешните врати, замена на подот на сцената, изградба на помошни простории до сцената со намена за гардероби и просторија за реквизити и машинска просторија за греењето. На почетокот на месецот јуни ќе биде распишан тендерот со кој ќе го избереме најповолниот економски оператор за изведување на работите, а очекувам градежните работи во оваа фаза да завршат до крајот на оваа година, истакна Трајковски.

Трајковски потсети дека паралелно се работи и на санација на кровот, за што веќе Општина Делчево има спроведено јавна набавка. Фирмата ПАНЕЛ-М, со подобрување на временската состојба, ќе ја продолжи работата на санација на кровот.

Во малата сала се одржуваат сите свечености и културни настани во Делчево, но таа максимално се користи и за подготовка и проби на секциите при НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ и Фолклорната група при НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“, Пејачката група „Ѓурѓа“, КУД „Гоце Делчев“ Делчево, како и за проби и настапи на ФГ „Копачка“ од с. Драмче и други здруженија кои работат во областа на културата.

Сепак, поради староста на објектот и лошите услови, салата последните години беше делумно отворена за настани. Реализацијата на проектот ќе овозможи во Делчево да има сала за одржување настани од областа на културата со сите современи услови кои ги бара културата во 21 век што ќе овозможи и збогатување на понудата за љубителите на уметноста.

# Конститутивна седница на ОСБСП- Делчево

Актуелности



ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ДЕЛЧЕВО ја одржа Првата конститутивна седница на која се конституираше ОСБСП, како и усвоија Деловникот за работа на ОСБСП, а беа формирани и работни групи и беше усвоена Предлог-годишната програма за работа.

Основната функција на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево е унапредување на работите поврзани со безбедноста на сообраќајот на патиштата во општина Делчево.

ДЕЛЧЕВО
ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# Десетте најдобри матуранти заминаа на наградно патување низ Европа



На заслужено 13– дневно наградно патување низ Европа, заминаа десетте најдобри матуранти од делчевската гимназија СОУ „М.М.Брицо“. По избор на матурантите, наградното патување се состои во патување за Шпанија на следната релација: Скопје-Белград-Загреб-Венеција-Верона-Кан-Ница-Монако-Монте Карло-Милано-Скопје. Предвидено е 1 (едно) ноќевање во областа Венето, Италија; 6 (шест) полни пансиони во Коста Брава, Шпанија; 1 (едно ноќевање во околината на Милано. Разгледување на Венеција, Верона, Кан, Ница, Монако, Монте Карло и Милано.

Патувањето е организирано преку туристичката агенција „Холилеј травел“-Скопје, а вредноста на наградното патување е 300.000 денари, средства од Буџетот на Општина Делчево.

Наградното патување низ Европа за најдобрите 10 матуранти од делчевската гимназија е традиционална награда и Општина Делчево ја доделува со цел мотивирање на средношколците за постигнување одлични резултати во образовниот процес.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

# Шампионките од ЖКК „Патриот-2016“ на прием кај градоначалникот Трајковски

Актуелности



Делчевските шампионки од ЖКК „Патриот 2016“ кои деновиве ја освоија шампионската титула во М-12 кошаркарската лига на Македонија, денеска беа примени од градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски.

На средбата на која присуствуваа и тренерот на клубот Љупчо Петровски-Клубски и претставник од раководството на клубот, Марјан Јовановски, се разговараше за успехот на девојките, неизвесниот тек од натпреварот за титулата, за подготовките на екипата за првенството, но и за проблемите и предизвиците на спортот во Делчево, посебно на женската кошарка.

Трајковски истакна дека освојувањето на шампионската титула во М-12 кошаркарската лига на Македонија, е доказ дека кога се работи со љубов, со ентузијазам, посветено и дисциплинирано, резултатите се неизбежни.

Тренерот, Љупчо Петровски-Клубски, верува дека оваа генерација делчевски кошаркарки ќе биде дел од македонската женска кошаркарска репрезентација.

Делчевките шампионки на градоначалникот Трајковски му подарија кошаркарски дрес од клубот со бр. 1., а во знак на благодарност за успехот, Градоначалникот Трајковски додели благодарници на сите кошаркарки од екипата и на тренерот Петровски за особен придонес во развојот на женската кошарка во Делчево.



Актуелности

# Регионални пензионерски спортски игри во Делчево




Делчево се одржаа 27 по ред Регионални спортски игри. На спортските игри учествуваа пензионери од пензионерските здруженија од 6 градови од Источна Македонија. Пензионерите од Делчево, Берово, Пехчево, М. Каменица, Виница и Кочани се натпреваруваат во повеќе спортски дисциплини. На свеченоста по повод отворањето на игрите присуствуваше градоначалникот Горан Трајковски, како и претседателката на Сојузот на пензионерите, Станка Трајкова.

Градоначалникот Трајковски истакна дека регионалните спортски игри се еден убав пример дека спортот, натпреварувачкиот дух и волјата да се постигнуват резултати, се движечка сила на секој поединец, посебно, кога станува збор за луѓето од третата доба.

Регионалните спортски натпревари се во организација на Сојузот на здружението на пензионери и домаќинот Здружението на пензионери од Делчево. Игрите се одржуваат на неколку локации во зависност од дисциплината. На градскиот стадион ќе има натпревари во атлетика, дел ќе се одржуваат во спортската сала на СОУ „М.М.Брицо“, а дел во просториите на Здружението, каде што се игра шах, домино, пикадо исл.

Најдобрите од спортските игри во Делчево ќе учествуваат на Републичките спортски игри на пензионерите.



# Избрани зетот и невестата за традиционалната Пијанечко-Малешевска свдба

Култура




Дарко и Тамара Спасови од Делчево ќе бидат главните ликови на 17 издание на Пијанечко-Малешевската свадба, како дел од традиционалниот Меѓународен фестивал „Делчево-фест“.
По претходно спроведен конкурс со едногласна одлука на Комисијата за избор, Културно-уметничкото друштво „Гоце Делчев” ги соопшти резултатите од конкурсот за овогодишното издание на манифестацијата „Делчево фест 2023″. Со одлуката на Комисијата, како што соопшти Зенил Реџепов, координатор на „Делчево фест 2023“, за главни носители на манифестацијата избрани се Тамара и Дарко Спасови од Делчево.
-Членовите на КУД „Гоце Делчев” максимално се ангажираа за организирање на 47. издание на Меѓународниот музички фестивал Делчево Фест 2023 и 17-та Пијанечко-Малешевска свадба во функција на туристичка понуда на регионот како придружна манифестација на фестивалот. Ме радува интересот на младите брачни парови да бидат дел од оваа манифестација чија основна цел е зачувување на богатата палета свадбарски обичаи кои, би рекол, сѐ уште живеат и се чуваат во овој регион, рече Реџепов.
Организатор на „Делчево фест 2023“ е КУД „Гоце Делчев” од Делчево, настанот се реализира под покровителство на градоначалникот на Општина Делчево, а поддржувач е Министерството за култура. Настанот се реализира со партнерство на невладини организации и општините од регионот, а главната манифестација „Делчево Фест 2023″ и годинава ќе се одржи на почетокот на месецот септември.

Култура

# Милијана Павловска со промоција на своето новороденче на саем на книги во ЈЛБ „Илинден“




Познатата македонска романсиерка и популарно наречената македонската Јелена Бачиќ, Милијана Павловска, имаше промоција на својот нов роман „Трнливиот пат на една љубов“ во рамките на саемот на книги на издавачката куќа „Култура“ во организација на ЈЛБ „Илинден“.

Вљубениците во пишаниот збор од Делчево имаа несекојдневна можност да разговараат со авторката и да се запознаат изворно со нејзините дела.

Нејзините романи се книги во кои постојано има дејство, без застој на настаните, книги во кои секој може да пронајде сегменти од сопствениот живот, бидејќи често се инспирирани од вистински настани кои ѝ послужиле како инспирација. „До последен здив“, „За тебе љубов моја“, „Скинат ѓердан“, „Заробено срце“, „Две и пол сестри“,„Скршени крилја“ беа само дел од нејзините романи кои беа изложени и ги чекаа љубопитните читатели.

Паралелно со оваа несекојдневна средба со познатата македонска романсиерка, вљубениците на пишаниот збор имаа можност да се запознаат и со новите наслови од издавачката куќа „Култура“, но и да си набават нови наслови за својата домашна библиотека.

Директорката на ЈЛБ „Илинден“, Билјана Петровска изрази задоволство од интересот на делчевските читатели за овој настан.

-Овој саем на книги и оваа средба со една од најпознатите македонски авторки се наш подарок за нашите читатели. Ние сакаме да ги поддржиме, промовираме и вреднуваме нашите автори, но и да го поттикнеме интересот кај читателите и за македонските романи, бидејќи, навистина, имаме автори со кои се гордееме и кои можат да ве однесат во светот на книгата со исто задоволство и возбуда, како кој бил друг странски автор, истакна Петровска.

# Мини изложба на стари дневни списанија

Култура




По повод Денот на културата, 10 Јуни, ЈЛБ„Илинден“ организираше мини изложба на стари дневни списанија. Изложени беа примероци од дневни весници од 1988 до 2011 година, а читателите и сите граѓани имаа можност да ги разгледаат сите тие стари изданија на весници и да прочитаат или да се потсетат на минатото, на новостите од земјава и странство.

- Повеќе од 20 години во континуитет ЈЛБ „Илинден” од Делчево чува стари весници, најмногу дневен печат. Повеќето многу стари весници се уништени од забот на времето или изгубени при дислокацијата на библиотеката, меѓутоа во последните 20 години сите весници се зачувани. Весниците се медиуми и хроничари на времето. Тие објавуваат разни вести од општествениот, политичкиот, културниот, спортскиот живот, извештаи од дневни случувања и приказни. Тие сведочат за некое минато време и генерации и од тие причини се посебно големо богатство кое треба да се чува, истакна Петровска.

Култура

# Концерти на кларинет, пијано и гитара во Делчево



Во организација на НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ во Делчево се одржаа неколку концерти наменети за љубителите на класичната музика.
Камерен концерт под наслов „Дијалози за кларинет и пијано”, а во изведба на Иле Колев и Ангеле Михајловски на кој присутните проследија музички изведби од различни епохи до современа музика на кларинет и пијано.
Делчевци можеа да уживаат и во солистичкиот концерт на акустична гитара на Дејан Лазаревски, професор во Средното музичко училиште „Сергеј Михајлов” и вонреден професор на УГД Штип. Пред присутната публика авторот се претстави со одбран број композиции карактеристични за ваквиот вид концерти.



## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk



**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Соработник: Благица Петровска**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Даниела Такева**


**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**